# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ПРИБРАНИТЕ НАДОМЕСТОЦИ

Во согласност со законска обврска и според правилникот за распределба на ММИ, во кои се утврдени принципите и правилата врз основа на кои се врши распределбата на прибраните надоместоци стручната служба на ММИ ја изврши распределбата.

Овој процес претпоставува пријавување на фонограмите и изведбите од страна на носителите на правата, како и доставување на евиденции на емитувани дела од страна на радиодифузните друштва. За оваа цел во 2013 година, ММИ континуирано во неколку наврати, доставуваше дописи до сите радиодифузни друштва во РМ со укажување на обврската за доставување на евиденции за емитувани дела. За увид во состојбата ММИ редовно доставуваше и дописи до Министерството за култура на Република Македонија, со констатција дека радиодифузните претпријатија не се волни да ја исполнуваат својата законска обврска.

Од вкупно 150 радиодифузни претпријатија во република Македонија, уплати и евиденција за емитувани фонограми и снимени изведби доставија:

- Радио Антена 5 ,Скопје
- Хит Радио, Струмица
- Радио Морис, Македонски Брод
- Радио Роса, Скопје
- ТВ Морис, Охрид

Споменатите радиодифузни претпријатија заклучно со 31.01.2014 година извршија уплата во вкупен износ од 294.060,00 денари.

Прегледот на доставените податоци за емитуваните фонограми и изведби на споменатите радиодифузни претпријатија покажа дека е голем бројот на оние фонограми и снимени изведби кои сеуште не се пријавени во базата на ММИ од страна на произведувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи. ММИ го констатираше користењето на непријавените фонограми и снимени изведби во програмите на радиодифузните програмски сервиси но поради недостаток на податоци не го зема во предвид нивниот удел во распределбата, односно нивните податоци за реализација ќе бидат во состојба на мирување до следната распределба.
Според ова, Собранието на ММИ на својата Годишна седница одлучи распределбата за 2013 да се изврши кога изведувачите ќе ги пријават своите дела и кога корисниците ќе ги исплатат побарувањата на ММИ за 2013 година.

Распределбата беше извршена за оние фонограми и снимени изведби за кои ММИ има податоци во својата база и притоа по извршената пресметка се дојде до констатација дека износот на паричниот надоместок за носителите на права е мал, односно толку мал што трошоците за нивното уплаќање ќе бидат поголеми од самата уплата.

Оваа констатција е содржана во финансискиот извештај на ММИ за 2013 година и е усвоена од Собранието на ММИ.

27.03.2014

Извршен директор на ММИ

Бодан Арсовски